Бр: 03-50/2
Скопје: 14.02.2024

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 14.02.2024 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предлог – Законот за обновливи извори на енергија пратен со допис бр.12-4674/2 од 22.12.2023 година (Наш бр. 03-139/1 од 28.12.2023 година) и по однос на истиот го наведува следното:

Заради постигнување на целта да се промовира политиката и користењето на обновливите извори на енергија (ОИЕ) и постигнување на националните задолжителни цели на учество на ОИЕ во бруто финалната потрошувачка на енергија, Предлог – Законот за обновливи извори на енергија содржи одредби со кои се предвидуваат мерки за поддршка како инструменти или механизми за поддршка на производството на енергија од ОИЕ.

Земајќи го предвид член 13 став (8) од Предлог – Законот, Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека и во врска со член 6 став (2) од Предлог – Законот во кој се предвидува донесување на Уредба за мерки за поддршка на производството на енергија од ОИЕ треба да се постапува слично како што се предвидува во член 6 став (4) од Предлог – Законот за донесување на годишната програма за финансиска поддршка за производство на енергија од повластени производители кои користат премија односно да се извести за Уредбата и истата да се оцени од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата пред донесување на истата. Ова заради можноста Уредбата евентуално да претставува шема на помош додека годишната програма да биде во насока на имплементирање на мерките за поддршка кои се предвидуваат и уредуваат во Уредбата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека со член 13 став (8) од Предлог – Законот од аспект на областа на државната помош се дава можност на вклучувањето на Комисијата во оценувањето на мерките за поддршка кои произлегуват од овој Предлог – Закон но и во оценувањето на подоцнешните прописи кои ќе се донесуват врз основа на овој закон. Доставувањето на прописите со кои ќе се доуредува подетално областа која се регулира со овој Предлог – Закон, според Комисијата за заштита на конкуренцијата е клучно за оценувањето на мерките за поддршка согласно законодавството за државна помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека при конципирањето на подзаконските акти и другите прописи со кои се уредува подетално областа опфатена со овој Предлог – Закон, треба да се земе предвид и европското законодавство од оваа област, особено новите Насоки за државна помош за климата, заштитата на животната средија и енергија усвоени во јануари 2022 година - Guidelines on State aid for climate, environmental protection and energy 2022 (2022/C 80/01), со кои меѓу другото се опфатени и критериумите за оценување дали може да се одобри помошта.

Земајќи го предвид член 13 став (2) од Предлог – Законот во кој се одредуваат мерките за поддршка за ОИЕ, за Комисијата за заштита на конкуренцијата за одредени мерки за поддршка (на пример: инвестициска поддршка, даночни и царински олеснувања, право на користење на земјиште во државна сопственост кое е предвидено за изградба на електроцентрали за производство на електрична енергија од обновливи извори) е нејасно колку би бил обемот/износот/интензитетот на поддршката и колку/дали тој износ на поддршка би бил во рамките на дозволеноста од аспект на нашето и ЕУ законодавството за државна помош.

За Комисијата за заштита на конкуренцијата е нејасен член 13 став (6) од Предлог – Законот: „доделената мерка за поддршка за обновливи извори на енергија не смее да се промени ако таквата промена неповолно ќе влијае врз правата на корисникот на мерката за поддршка и исплатливоста на проектот за кој е доделена„ , бидејќи се поставува прашањето кои ќе бидат правните последици ако таквата мерка за поддршка не е во согласност со домашното или ЕУ законодавството или е доделена поддршка во поголем износ/процент од тоа што предвидува домашното или ЕУ законодавството во ова област.

Земајќи ги предвид мерките за поддршка предвидени во член 13 став (2) од Предлог – Законот, исто така е нејасно за Комисијата за заштита на конкуренцијата дали ист корисник или повластен производител кој користи повластена тарифа за одреден инвестициски проект може да користи повеќе мерки за поддршка истовремено (пример инвестициска помош за изградба на електроцентрала но и користење на земјиште во државна сопственост како друга мерка за поддршка).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**